Бр./Nr 12-614/2
05-11-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржано на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-614/1 од 08.02.2021 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-614/1 од 08.02.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 08.02.2021 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-614/1 од 08.02.2021 година.

Во пријавата подносителот се повикува на одредби од Законот за државјанство кој дозволува државјанин на Република Македонија да има и државјанство на друга држава. Државјанин на Република Македонија кој има државјанство на друга држава, во Република Македонија се смета исклучиво за државјанин на Република Македонија, ако со меѓународен договор не е поинаку определено. Државјанството на Република Македонија се докажува со важечка лична карта или патна исправа. Подносителот наведува дека спротивно на Уставот се направени жители на Македонија по лична карта и кога не се во Македонија и со тоа им се дава право на сите несериозни субјекти (приватни компании, адвокати, нотари, извршители) право да ги крадат, односно да го користат нивното отсуство и да наплаќаат колку сакаат за оставина на нивните родители. Во продолжение наведува дека сите политичари, актуелни и поранешни министри се информирани за ова, но никој не презема мерки, без оглед што постојат меѓународни закони за жителство.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

овластување од страна на службени лица, туку се изразува незадоволство од одредбите на Законот за државјанство, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**